ГЛАСНИК 57 1-2 2013 81-93 ISSN 0583-4961

УДК 343.293:323.272-05(497.7)"1903"

# ПРАШАЊЕТО ЗА АМНЕСТИЈА НА ВОДАЧИТЕ ОД ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

*Ванчо Ѓорѓиев*

Редовен професор на Институтот за историја на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје

Abstract

The Mürzsteg reforms were an attempt to pacify and relieve the situation in Macedonia after the Ilinden Uprising. Amongst other things, these reforms tackled the issue of amnesty for the political perpetrators. More specifically, the issue of amnesty for those who had escaped or who had been detained and convicted in connection with the unrest in Macedonia in 1903 was regulated by the Turkish-Bulgarian agreement of April 1904. When the diplomatic representatives, the Ottoman authorities, as well as the international mandatories in the reform process, proclaimed amnesty for this category of people, they also tackled the issue of extending the amnesty to the chieftains who were then acting as illegal leaders of the Macedonian revolutionary movement. However, the prescribed procedures for legalizing the illegal leaders were extremely vague and complicated, while the lack of proper coordination between the central and local authorities did not allow implementation of the offered opportunity. The vast majority of the revolutionary movement leaders were dissatisfied by the Mürzsteg reforms and chose to continue the armed struggle. Thus they did not show willingness to accept the amnesty. On the other hand, the authorities refused to grant amnesty to those who expressed such a desire. Hence the surrender of illegal activists happened only incidentally and was more common among the lower-ranked insurgents. Thus, the issue of extending the amnesty to the illegal leaders and chieftains of the Macedonian revolutionary movement ended in a complete fiasco.

*Keywords*: Ottoman Empire, Macedonia, Ilinden Uprising, Reforms, Amnesty, Illegal chieftains of SMORO

Амнестијата претставува чин на помилување и простување, односно манифестирање на добра волја од страна на официјалната власт спрема определена категорија политички престапници во конкретни политички моменти. Таа се применувала како мерка за ублажување на последиците и за расчистување со минатото по извесни турболентни времиња, но и како средство за превенција за избегнување нереди од пошироки размери. Вообичаено, амнес-

тијата се применува на осудени лица кои се наоѓат во затвор на издржување казна, на приведени а уште неосудени, како и на лица кои поради својата активност едноставно станале илегални, а со тоа и недостапни за органите на прогонот. Со развојот на македонското револуционерно-ослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век, официјалните османлиски власти, некогаш по сопствена иницијатива а другпат по сугестија на големите сили, пристапувале кон амнестија на македонските политички престапници.

Првата посериозна политичка амнестија на македонски затвореници била применета во 1902 година. Тогаш султанот Абдул Хамид II, по повод 25-годишнината од стапувањето на престолот, амнестирал 36-мина македонски политички затвореници.[1] Со амнестијата биле опфатени затвореници од Виничката и Солунската провала. Меѓу нив биле и поранешните членови на Централниот комитет на ТМОРО: Петар Поп Арсов, Христо Татарчев, Христо Матов, Иван Хаџи Николов и Пере Тошев.[2]

Набргу потоа, за превенирање на востаничката атмосфера во Македонија во претстојната 1903 година, по иницијатива на Австро-Унгарија и на Русија, била усвоена Февруарската програма за реформи. Во една од мерките што имале за цел да се смири состојбата во земјата, меѓу другото, се вели: „Многубројните апсења извршени по неодамнешните немири во трите вилаети ги возбудија духовите; со оглед на тоа, за да го забрза враќањето на нормалната ситуација, Отоманската влада ќе прогласи амнестија за сите обвинети или осудени од политички причини, како и на емигрантите“.[3] Оваа мерка од Февруарските реформи речиси експресно била спроведена. По тој основ биле ослободени повеќе политички престапници (револуционери) од Македонија. Меѓу амнестираните бил и Дамјан Груев,[4] еден од најекспонираните раководители на ТМОРО.

Меѓутоа, споменатите реформи биле задоцнети и недоволни за превенирање на очигледното востание во Македонија. Веќе на 2 август 1903 година избувнало Илинденското востание со што македонското прашање одново било актуелизирано на меѓународен план. При задушувањето на востанието османлиските власти примениле жестоки воени мерки, проследени со рушење, палење, пљачкање, убивање и силување. Со тоа требало да се деморализира населението, а водачите на востанието да се натераат на брза капитулација. Од друга страна, властите го повикале населението да се врати по

---

[1] Ванчо Ѓорѓиев, *Петар Поп Арсов. Прилог кон проучувањето на македонското националноослободително движење*. Скопје 1997, 90.

[2] Ванчо Ѓорѓиев, *Подземната република. Даме Груев и македонското револуционерно движење*. Скопје 2010, 263.

[3] *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава*. Том први, Скопје, Скопје, 1981, 413.

[4] Ванчо Ѓорѓиев, *Подземната република*..., 266.

домовите, а странските конзули ветувале амнестија за востаниците.[5] Поради усложнетата ситуација, Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ на 2 октомври 1903 година донел одлука за демобилизација на востаничките сили, а на помалку компромитираните им било советувано да ѝ се предадат на власта со посредство на дипломатските претставници.[6] Сепак, предавањето на востанатото население не значело автоматска амнестија. За тоа имало долга и сложена процедура, проследена со малтретирање, шиканирање и понижување. Поголемиот дел од востанатото население во Битолскиот вилает се предавало со посредство на австроунгарскиот конзулат во Битола, кој се претворил во еден вид биро за таа работа. Начинот на предавањето мошне сликовито го опишува српскиот конзул во Битола, во извештајот од 15/28 октомври 1903 година. Во него, покрај другото, стои: „секој ден може да се видат маса селани како стојат пред вратата на конзулството (австриско, б.н.) ... Тука им се запишува името и презимето, а отаде одат кај Хилми-паша, кој исто така им го запишува името ако ја предадат пушката; инаку ги пушта на слобода со порака за осум до десет дена да го донесат оружјето, ако не – нека се вратат во горапта, па тој сам ќе знае да ги најде каде се. Се разбира дека е многу тешко некој да може да донесе пушка, бидејќи комитите им ги зеле на сите“.[7]

Оваа првична мерка на власта имала за цел моментално ублажување на затегнатата положба, но таа не претставувала вистинска амнестија. Многумина што на овој начин се обиделе да се легализираат и да му се вратат на секојдневниот живот подоцна биле приведени, а некои дури биле и осудени.

Прашањето за посериозна политичка амнестија допрва претстоело. Кога востанието започнало да опаѓа, на иницијатива на Русија и на Австро-Унгарија и со поддршка на другите големи сили, била усвоена Мирцштершката програма за реформи. Една од предвидените мерки го засегала прашањето за амнестија на учесниците во немирите од 1903 година. Во врска со тоа, во петтата точка од споменатата програма се вели: „Веднаш да се установат во главните центри на вилаетите мешовити комисии со еднаков број христијански и муслимански делегати за разгледување на политичките и другите престапи извршени во текот на немирите. Во овие комисии треба да земат учество конзулските претставници на Австро-Унгарија и на Русија“.[8]

Прашањето за амнестија поконкретно било третирано во договорот помеѓу Османлиската Империја и Кнежеството Бугарија од 8 април 1904 година. Во врска со тоа, во третата точка од договорот стои: „Османлиската царска влада ќе ги спроведе реформите договорени помеѓу Турција, Австро-Унгари-

[5] *Истото*, 332.

[6] *Истото*, 333.

[7] Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, *Илиндenski зборник 1903–1953*, Скопје 1953, 109-110.

[8] *Документи за борбата на македонскиот народ...*, 420.

ја и Русија за Солунскиот, Битолскиот и Косовскиот вилает. Со тоа и со општата амнестија што неговото Императорско Височество Султанот ја прогласи со најголемо милосрдие, ќе постигне целосен ефект. Следствено, тие кои се наоѓат во затвор или се протерани под обвинение или обвинети дека непосредно или посредно учествувале во револуционерната дејност, како и сите политички осуденици, ќе бидат пуштени на слобода и испратени во своите краишта. Со исклучок на злосторниците осудени заради бомбашки напади врз бродови, железница, мостови и јавни установи“.[9]

Предметната амнестија била прокламирана со султанско ираде, кое на 13 април 1904 година било објавено и прочитано во вилаетските центри (Солун, Битола и Скопје) на повеќе јазици (турски, бугарски и српски).[10] Со амнестијата се предвидувало поединично ослободување на христијани и муслимани кои за време на немирите во 1903 година извршиле одредени дејства. Со амнестијата било предвидено да бидат опфатени осудените за политички престапи, како и оние политички престапници чии дела сè уште не биле разгледани. Освен тоа, амнестијата се однесувала и за оние што од страв или од разни други причини пребегале во Бугарија или, пак, се криеле во внатрешноста на Империјата.[11] Интересен е фактот што со амнестијата биле опфатени и поголем број муслимани кои немале ништо заедничко со македонското револуционерно движење. За спроведување на амнестијата била предвидена определена процедура со полагање заклетва пред определени институции. Од амнестијата биле изземени лицата што биле осудени во врска со динамитни акции против општествените институции, мостовите, железниците и бродовите во државата. Всушност, од амнестијата се изземени првенствено учесниците во Солунските атентати од 1903 година.

Набргу по официјалното објавување на султанското ираде, османските власти во Битолскиот вилает излегле со толкување дека амнестијата може да се прошири на сите одметнати „политички престапници“ во трите вилаети, кои ќе се покајат и ќе престанат да бидат востаници. Оваа одредба првенствено се однесувала на водачите на Организацијата и на поголем број војводи кои по задушувањето на востанието останале да дејствуваат во илегала.[12]

---

[9] *Македонија во билатералните и мултирателани договори на балканските држави 1861–1913, документи*, редакција и коментар д-р Михајло Миноски, Скопје 2000, 126.

[10] Глигор Тодоровски, *Македонското прашање и реформите во Македонија*. Скопје 1989, 170.

[11] Истото.

[12] Прашањето за амнестија на оваа категорија на престапници била лансирана од цивилните агенти пред формалното донесување на одлуката за амнестија. А. Шопов во својот извештај од 24. II. 1904 година до бугарскиот премиер Рачо Петров информира дека цивилните агенти укажале на потребата од легализација на илегалните водачи за да ја искористат престојната амнестија. Во спротивно по формирањето на новата жандармрија, четите ќе бидат изложени на прогон и не ќе можат да се повикат

Токму оваа категорија лица и прашањето за нивната амнестија е предмет на нашиов прилог. Тие, за да ја искористат амнестијата, требало да се пријават пред месните османлиски власти во најблиските градови во рок од 40 дена (почнувајќи од 13 април). Овие лица, низ процедурата за легализација, требало да добијат соодветни документи врз основа на кои слободно ќе можеле да се вратат во своите родни места. Притоа, амнестијата се однесувала за делата сторени до 13 април 1904. По истекот на предвидениот рок, лицата кои не се легализирале останувале под прогон, согласно со османлиските закони.[13]

Со започнувањето на процесот на општата амнестијата било отворено прашањето за водачите на ТМОРО и поедини војводи. Со овој чин власта настојувала да ги евидентира илегалните водачи на македонското движење, а потоа да ги протера надвор од границите на османлиската држава. Сепак, понудената можност во почетокот изгледа била прифатлива за некои поединци на ТМОРО на кои им дотежнал илегалниот живот. Бугарскиот трговски агент во Битола, Андреј Тошев, на 22 март (ст. стил) 1904 година го информирал бугарскиот дипломатски агент во Цариград, Григор Начович, дека „неколцина од шефовите на Внатрешната организација, како: Анастас Лозанчев, Ѓорѓи Сугарев, Пере Тошев, Дамјан Груев, Петре Ацев, Ѓорѓи Пешков, Михаил Чеков, Тане од Горничево и други“, преку свои роднини се обиделе да го консултираат дали има опасност од нивно апсење доколку ѝ се предадат на власта.[14] Бидејќи А. Тошев не го знаел ставот на османската власт во врска со ова прашање, тој за совет се обратил до бугарскиот дипломатски претставник во Цариград.

Во извештајот од 5/18 април 1904 година А. Тошев го информирал Г. Начович дека во врска со прашањето за амнестија на илегалните водачи на Внатрешната организација, рускиот конзул во Битола се консултирал со рускиот цивилен агент при генералниот инспектор, господин Демерик. Притоа, Демерик истакнал дека Хилми-паша се согласил амнестијата да ги опфати сите под одредени услови.[15] Според тоа, прикриените революционери требало да ѝ се предадат на власта во местата каде што се кријат, да поднесат писмена гаранција за потчинетост (declaration de soumission), а потоа ќе бидат ескортирани до границата на државата каде што сакаат да заминат и тие повеќе не ќе можат да се вратат во пределите на Турција без специјална доз-

на амнестијата. Шопов ја разгасил оваа информација, но водачите на Внатрешната организација биле на мнение дека четите не може да се распуштат бидејќи биле на служба. (Валентин Китанов, *Принос към дипломатическата история на България. Григор Начов и българо-турското споразумение от 1904 г.* София 2006,115.

[13] Глигор Тодоровски, *Македонското прашање и реформите во Македонија...*, 171.

[14] Валентин Китанов, *Принос към дипломатическата история на България...*, 125; *Даме Груев. Живот и дело (сборник)*, II част, предговор, съставителство и бележки: Цочо В. Билярски, София 2006, 620.

[15] *Даме Груев. Живот и дело...*, 621.

вола на Османлиската влада. Со оглед на таквиот одговор, А. Тошев се посомневал дека „востаничките шефови“ ќе ги прифатат овие услови, па затоа решил воопшто да не ги информира додека не добие конкретни инструкции од Г. Начович. Освен тоа, А. Тошев сметал дека условот за предавање на водачите во местата каде што се наоѓаат претставувал смислена стапица од власта поради што безусловно требало да се отфрли. Истовремено Тошев сметал дека поголемиот дел од „шефовите“ на Организацијата од своја страна ќе постават такви услови што османлиската власт несомнено ќе ги отфрли.[16] Ова сомневање на А. Тошев било засновано врз основа на едно писмо од Анастас Лозанчев. Притоа, Тошев констатирал дека писмото на Лозанчев имало форма на „еден вид ултиматум“, од кој можело да се суди за намерите на „внатрешните македонски шефови, како и за нивните аспирации“. Затоа А. Тошев пишува дека тие луѓе „не можат да излезат од магичниот круг во којшто одамна се вртат, за најпосле да разберат дека сè што се посакува не е така лесно остварливо“.[17]

Условите што ги поставил Лозанчев во своето писмо се следниве: „1. Ослободување на политичките затвореници што се наоѓат во земјата и на оние на заточение; 2. Ослободување на затворениците осудени ’за крв‘, доколку престапот е извршен од политички причини; 3. Ослободување на затворениците за национални прашања, дури и кога е извршено убиство; 4. Амнестија на востаниците и четниците што извршиле разни престапи од приватен карактер, како и на побегнатите од Битолскиот затвор; 5. Полна и безусловна амнестија на сите востаници и емигранти. Забелешка: Под безусловна амнестија подразбирам таква што не е поврзана со разни изјави, заклетви, предавање на оружје и слично; 6. Амнестираните, какви и да биле тие, да бидат под заштита на странските агенти. Турската влада да не може да ги испрати по родните места или да им прави какви било ограничувања“.[18]

Во меѓувреме, додека било отворено прашањето за амнестија и додека течел предвидениот рок за тоа, власта продолжила да ги прогонува четите. Тоа дополнително ја зголемило недовербата кај одредени војводи. Ова сомневање било поткрепено по фаќањето на војводата Александар Турунџиев кај с. Аетос (Леринско) и неговото сместување во Битолскиот затвор. Според А. Тошев, со таквите постапки власта настојувала да го искористи времето и со помош на грчки шпиони да стави рака врз повеќе четници и војводи, а потоа да се правда дека тие не подлежат на амнестијата бидејќи не се предале во предвидениот рок.[19]

[16] *Истото*, 621-622.

[17] *Истото*, 622.

[18] Валентин Китанов, *Принос към дипломатическата история на България...*, 165.

[19] *Истото*, 169.

Прашањето за амнестија на нелегалните раководители на ТМОРО било третирано на средбата помеѓу бугарскиот трговски агент и битолскиот валија на 8/21 април 1904 година. Тогаш валијата го запознал А. Тошев со содржината на една телеграма што ја добил од Цариград во врска со прашањето за амнестија на водачите на Организацијата. Според А. Тошев, содржината на телеграмата била двосмислена, освен делот во којшто се барало од Тошев да ги даде имињата на сите „шефови и четници“ што сакале да се предадат. Во неа изречно се споменувале Анастас Лозанчев, Даме Груев, Ѓорѓи Сугарев, Ѓорѓи Пешков и Петар Ацев, кои наводно сакале да се предадат.[20] А. Тошев смета дека споменатава телеграма, всушност, претставувала своевидна стапица за тој да стане посредник помеѓу шефовите и четниците, од една, и власта, од друга страна. Поради тоа А. Тошев возвратил дека тоа не е негова работа и дека тој не може да биде посредник меѓу власта и оние што сакаат да се предадат. Меѓутоа, сепак додал дека споменативе лица треба да се амнестират, а за тоа е нужно да се издаде втора објава специјално за нив, со јасни и точно дефинирани услови.[21] Тоа било неопходно бидејќи меѓу предложените услови од страна на Хилми-паша што биле пренесени преку рускиот конзул и изречените зборови на битолскиот валија имало голема противречност. Така, наспроти условите од Хилми-паша, валијата истакнал дека амнестијата ќе биде на општа основа и дека од амнестираните зависи дали ќе останат во Македонија или ќе заминат за Бугарија.[22] Поради тоа, А. Тошев сметал дека ова прашање целосно би требало да се уреди во Цариград за да не дојде до недоразбирања, какви што биле иницирани од Балканската телеграфска агенција според која шефовите А. Лозанчев, Д. Груев и Ѓ. Сугарев, наводно, сакале да се предадат. А. Тошев во извештајот до Г. Начович од 9/22 април 1904 година потенцирал дека до него, освен писмото на А. Лозанчев, не се обратил никој од шефовите и четниците на Организацијата за совет или со барање за амнестија. Истовремено истакнал дека тој не презел ниедна постапка пред луѓето на Организацијата и дека нема ни да преземе ништо слично додека прашањето не се реши конечно и додека не добие инструкции за тоа.[23]

Австроунгарскиот конзул во Битола, Август Крал, во својот извештај од 26 април 1904 година до министерот за надворешни работи, грофот Агенор фон Голуховски, известил дека при спроведувањето на амнестијата честопати имало противречни решенија кои предизвикувале недоразбирања и одлагања. Тоа произлегувало оттаму што валијата истовремено се обраќал до генералниот инспектор и до Високата порта, иако согласно со Мирцштершките реформи и обврските што произлегувале од нив валиите биле лишени од правото на директна комуникација со Цариград во врска со прашањата поврзани

---

[20] *Истото.*
[21] *Истото.*
[22] *Истото.*
[23] *Истото*, 170.

со реформите, се разбира, ако притоа инструкциите на генералниот инспектор не претставувале пречка во управувањето.[24]

Во истиот извештај Август Крал навел дека од „компетентни извори" разбрал оти „шефовите како Груев" воопшто не мислеле на доброволно предавање за да не се компромитираат меѓу своите луѓе и дека за тоа не биле овластени од Комитетот. Тие отворено изјавувале дека „можат да ја напуштат земјата кога сакаат, без содејство на Турците".[25] А. Крал додал дека предавање му било дозволено единствено на поранешниот член на главниот штаб Анастас Лозанчев поради болест.[26]

Бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов, на 4/17 мај 1904 година го информирал Г. Начович дека предвидениот рок од 40 дена за предавање на четниците истекувал на 10/23 мај 1904 година и дека сè уште не се предал никој. Поради тоа, Шопов констатирал дека би било поправедно споменатиот рок, наместо од 13 април, да се смета од денот на пристигнувањето на европските офицери, бидејќи претходно се ширеле гласови дека извесни водачи на некои чети наводно се согласиле да го положат оружјето и да се предадат само пред европските офицери.[27]

Генералниот инспектор на македонските вилаети, Хусеин Хилми-паша, на 7/20 мај 1904 година го информирал бугарскиот трговски агент во Солун, А. Шопов дека ниедна чета не го искористила рокот да го положи оружјето и да ја искористи амнестијата. Притоа изразил подготвеност за продолжување на дадениот рок.[28]

Прашањето за полагање на оружјето и правото на искористување на прокламираната амнестија останале актуелни и по истекот на предвидениот рок. А. Шопов, во извештајот од 14/27 мај 1904 година до Р. Петров, истакнал дека солунските конзули и воопшто туѓинците биле на мнение дека четите треба да го положат оружјето и да се предадат.[29] Во таа смисла, кореспондентот на „Тајмс", господин Баучер, кој престојувал во Солун, истакнал дека четите со својата активност оставаат лош впечаток во Европа, а со тоа му прават и лоша услуга на македонското дело. Во истиот извештај А. Шопов истакнува дека според неговите сведенија началниците на Внатрешната организација сè уште немале решено каков став да прифатат во врска со споменатото прашање, дека се колебаат и ги продолжуваат меѓусебните преговори. Притоа, наведува дека меѓу нив имало луѓе кои сметале дека четите извесно

[24] *Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија*. Превод, редакција и коментар: Данчо Зографски, Скопје 1955, 173-174.

[25] *Истото*, 174.

[26] *Истото*.

[27] *Даме Груев. Живот и дело*..., II част, 627.

[28] *Истото*, 628.

[29] *Истото*, 629.

време би требало да исчезнат од планините, но повеќето сметале дека четите требало да продолжат да дејствуваат каде што можат.

А. Шопов додал дека неколку четници од Еницевардарско изразиле подготвеност да го положат оружјето, меѓутоа, тоа им било забрането од началникот Апостол Петков. Овој македонски војвода на 3/16 мај 1904 година со писмо се обратил до солунските конзули и истакнал дека четите нема да го положат оружјето сѐ додека не бидат спроведени реформите.[30] Обраќањето на А. Петков до солунските конзули, всушност, било испровоцирано од нивната писмена покана од 24 април / 7 мај 1904 година со која барале да го положи оружјето. Ова писмо претставува своевиден манифест на македонската револуционерна борба. Во него, меѓу другото, пишува: „Особена радост ни претставува поканата од Европските Конзул каде што тие нѐ канат да ѝ се предадеме на власта. Тоа би го сториле на драго срце, ако до денес беше направено некое чувствително подобрување на денешниот режим... Само по воведувањето реформи, подносливи за христијанското поробено население, би можеле да ја прифатиме Вашава покана. Турчинот само ветува и лаже пред светот, а ништо не извршува... Македонското население, гледајќи ги турските лажни ветувања, е спремно да ја лее својата крв, со надеж дека ќе се здобие еден ден со очекуваната полна слобода, и да го сметне од себе турскиот петвековен гнет. Зарем Македонецот не е човек, да живее слободно? Зарем Македонецот не е слободен да го дише чистиот воздух и да му се радува на слободниот политички живот, како што се радуваат слободните народи? Македонецот е веќе уверен, дека сѐ дури се наоѓа под Турчинот, ништо сигурно нема за него: тој не е сигурен за својот живот, не е сигурен за своите мили и драги дечиња, за честа на жената и на своите ќерки, за својот имот итн. итн. Таа несигурност го натера Македонецот да го земе оружјето в раце и да се бори со Турчинот. Тој не жали зашто ќе умира од куршумот на непријателот и е спремен да го прави тоа сѐ до денот на неговото ослободување. Тој веќе не се плаши од непријателот, дури и од една европска окупација за сметка на неговите национални интереси... Жално е пред очите на цивилизирана Европа Македонецот и потаму да робува. Нека крвта на тоа невино население и потаму се лее пред Европа. Нека турските ѕверства се вршат и потаму пред очите на европските конзули. Нека тие и потаму ги бранат интересите на Турчинот, за сметката на невиниот Македонец. Посочете ја правдината, каде и кај кого е? Прави ли лошо еден народ кога востанува против еден неподнослив и тежок режим? Да, да се лее крв христијанска во дваесеттиот век од еден иноверец – Турчинот пред очите на Европа и нивните луѓе е несовесно. Европската дипломатија е виновникот за сите маки.

[30] *Истото.*

Ако дипломатијата сака, тогаш за еден месец робот ќе биде вон од границите на ропството. Четите се борат за еден самостоен политички живот.“[31]

Австроунграскиот конзул во Скопје, Богумил Пара, во извештајот од 24 мај 1904 г., до министерот за надворешни работи, грофот Голуховски, известил дека согласно со османската објава за амнестија, во Скопскиот вилает ниеден комита не се пријавил да го предаде оружјето.[32] Напротив, мнозина очекувале дека по истекувањето на рокот Турците ќе преземат еден општ поход за да ги исчистат вилаетите од револуционерните елементи.

Спроведувањето на амнестијата не било проблематично само за илегалните водачи и војводи на ТМОРО кои се наоѓале на територијата на Османската Империја туку и за оние што побегнале во Бугарија. Тие, како такви, претставувале потенцијална опасност за турско-бугарските односи. Оттука, генералот Рачо Петров на 21 мај (ст. стил) 1904 година го информирал Г. Начович дека би требало да се преземат дополнителни мерки пред османлиските власти за да се обезбеди мирно и слободно враќање на оние војводи и четници што се наоѓале на територијата на Бугарија и што изразиле желба да му се вратат на мирниот живот. Според Рачо Петров, амнестирањето на овие лица би било од интерес за „Турската влада“ бидејќи на тој начин таа ќе има потполна контрола над нив дури и ако тие повторно се оддадат на револуционерна активност, отколку при нивниот престој во Бугарија.[33] На 25 мај (ст. стил) 1904 г., Г. Начович го информирал Рачо Петров дека Високата порта во принцип се согласила амнестијата да се прошири врз оние војводи и четници што се наоѓале на територијата на Бугарија и што изразиле желба да се вратат назад доколку ветат дека ќе бидат лојални граѓани на Империјата. Во таа смисла, побарал да му биде пратен список со имињата на сите четници и војводи на бугарска територија што сакале да се вратат во својата татковина. Притоа, да биде доставена и една заедничка изјава од сите.[34]

Сепак, враќањето на таквите лица не било едноставно. Од територијата на Бугарија можноста за амнестија се обиделе да ја искористат творецот на „Крушевската република“ Никола Карев и неговиот најблизок соработник Томе Никлев. Тие, на 22 април (ст. стил) 1904 година, писмено се обратиле до генералот Рачо Петров во својство на министер за надворешни работи и вероисповед. Во молбата навеле дека спаѓаат во бројот на оние што се обвинети како активни учесници во востанието во Битолскиот округ во 1903 година и дека ним им била припишана сета вина за настаните во Крушево за време на востанието. Бидејќи нивното подолго задржување во Бугарија било невоз-

---

[31] Симон Дракул, *Македонија меѓу автономијата и дележот*. Трети том, 133-135.

[32] *Извештаи од 1903–1904 година на австриските претставници во Македонија...*, 194.

[33] *Даме Груев. Живот и дело...*, II част, 631.

[34] *Истото*, 632.

можно, тие изразиле молба да дознаат преку бугарскиот дипломатски претставник во Цариград дали влегуваат во редот на амнестираните и дали за нив нема опасност доколку се вратат во својата татковина.[35] Во врска со тоа, Министерството за надворешни работи на Бугарија истиот ден писмено се обратило до Османлиското комесарство во Софија.[36] Во обраќањето се вели дека Никола Карев и Тома Никлев признале дека учествувале во востанието во Крушево и дека му нанеле штета на градот (како: палење на конакот, поштата и телеграфот). Притоа се нагласило дека споменативе двајца изразиле желба да се вратат во своите домови, но претходно се интересирале дали амнестијата се однесува и на лицата од нивната категорија и дали ќе нема пречки за нивно враќање и останување во Крушево.[37] Следниот ден (23 април / 5 мај 1904 г.) Османлиското комесарство во Софија го информирало Министерството за надворешни работи на Бугарија дека општата амнестија трае 40 дена, од денот на објавувањето и дека лицата што одлучиле да ја прифатат султанската милост имаат можност сами да ја искористат во предвидениот рок, додека лицата што ја признале својата вина или кои ќе признаат дека се виновни за некаков престап по датумот на објавувањето на амнестијата се исклучени од неа и против нив ќе бидат покренати судски процеси.[38] Сепак, и покрај тоа, Никола Карев и Тома Никлев на 17 јуни (ст. стил) 1904 година преку Османлиското комесарство во Софија се обратиле до Османлиската влада. Меѓу другото, во својата молба тие напишале: „Бидејќи потпишаните спаѓаме во бројот на оние што се обвинуваат за активни учесници во движењето од минатото лето (1903 г.) во Битолскиот вилает; нешто повеќе, бидејќи нам ни се припишуваат и сите случувања за време на движењето во Крушево како на водачи, а по нашето две-тримесечно скитање низ горите, ние решивме да ја поминеме границата уште во месец септември истата година; сега кога се покајуваме за оваа недобро обмислена работа од наша страна и во која ние бевме вовлечени, кога се откажуваме од досегашното движење, со ова ја молиме нашата почитувана Влада на Османлиската Империја, врз основа на дадената амнестија од Н.И.В. султанот, да бидеме помилувани за да можеме да ја искористиме амнестијата и да се вратиме кај своите домашни, да се одадеме на нашата мирна работа и да бидеме верни поданици на почитуваната Отоманска Империја.“[39]

Рачо Петров, во врска со овој случај на 23 јуни (ст. стил) 1904 година, му напишал на Г. Начович во Цариград дека Н. Карев и Т. Никлев „категорично изјавувале“ оти „горко се каат“ за своите постапки и со воодушевување збо-

---

[35] Валентин Китанов, *Принос към дипломатическата история на България...*, 202.

[36] *Истото*, 203.

[37] *Истото*.

[38] *Истото*, 204.

[39] *Истото*, 285-286.

рувале за своите миројубиви намери. Како важни личности, за нивното враќање Р. Петров барал да се издејствува „специјална дозвола“.[40] Засега не располагаме со евентуалниот одговор на власта на молбата од водачите на „Крушевската република“. Меѓутоа, со оглед на фактот дека тие останале илегалци, повеќе од јасно е дека нивното каење не било прифатено.

На 3/16 јуни 1904 г. бугарскиот трговски агент во Скопје, Тодор Нетков, го информирал Гр. Начович дека рокот за предавање на четниците поминал одамна, но и дека имало поединци во планините што сакале да се предадат. Во прилог на тоа наведува дека кај него дошол еден родител чиј син бил четник и дека заедно со неговиот другар имале желба да се предадат. Локалните власти истакнале дека немале наредба да ги проследат оние што не се предале до предвидениот рок, а од друга страна, не сакале на своја одговорност да ги остават на слобода оние четници што би се предале по изминатиот рок за амнестија.[41]

Австроунгарскиот цивилен претставник Милер, во извештајот од Битола од 10 јули 1904 година до министерот Голуховски, меѓу другото напишал дека „амнестијата за политички компромитираните лица од претходната година е спроведена со помош на детална контрола на цивилните претставници на брз и, секако, либерален начин. Во целина, со амнестијата беа опфатени 1806 лица“.[42] Во продолжение на извештајот се наведува дека по истекот на првичниот даден рок, истиот бил продолжен за уште еден месец за да може неказнето да ја искористат оние лица што можеби не разбрале за неа, но услов за тоа било тие да не извршиле никакво злосторство по објавувањето на амнестијата. Во врска со тоа додал: „Ако овој пат цивилните претставници со генералниот инспектор се застапија за најширока примена на правото на помилување, тие притоа појдоа од ставот дека најпрво треба да се направи колку што е можно потемелно расчистување со минатото. Наспроти тоа, во иднина ќе треба уште повеќе да се настојува за повторно воведување на амнестијата, која според нејзината природа може да биде само исклучително средство за амнестирање, бидејќи при многу честа примена таа може да влијае деморализаторски“.[43]

Како и да е, прашањето за предавање и амнестија на водачите на ТМОРО доживеало тотално фијаско. Причните за тоа лежеле на двете страни: едните биле кај власта, а другите кај водачите на револуционерното движење. Така, власта применувала непрецизни, комплицирани и недоречени процедури за легализација, при што отсуствувале единство и координација помеѓу цент-

---

[40] *Истото*, 295.

[41] *Даме Груев. Живот и дело...*, II част, 633.

[42] *Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903 – 1909*. Предговор и редакција Михало Миноски, избор на документи и превод м-р Ѓорѓи Стојчевски, Скопје 2002, 230.

[43] *Истото*, 231.

ралната власт, генералниот инспектор, валиите и меѓународните реформски мандатори. Од друга страна, водачите на револуционерното движење не биле задоволни од Мирцштершките реформи и биле решени да продолжат со оружената борба, поради што ја отфрлиле амнестијата. Оние, пак, што изразиле таква желба, власта не сакала да ги амнестира. Оттука, предавањето и амнестирањето на илегалните вооружени активисти на ТМОРО се свеле на инцидентна појава на поедини лица од низок ранг, кои случајно или под притисок на стихијата се нашле во востанието.